**20260971488**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 38 став (1) од Законот за задолжителни нафтени резерви (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/14, 178/14, 199/15, 197/17, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 150/21, 236/22 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТОДАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО СЛУЧАЈ НА ВОНРЕДНО ПОРЕМЕТУВАЊЕ НА СНАБДУВАЊЕТО НА ПАЗАРОТ СО СУРОВА НАФТА И/ИЛИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

Член 1

Со оваа одлука се формира Советодавна комисија за спроведување на Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати (во понатамошниот текст: Советодавна комисија).

Член 2

Советодавната комисија е составена од осум члена и тоа:

- Горан Јовановски - државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, претставник од Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката;
- Неџмедин Садики - в.д. директор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви;
- Проф. д-р Николче Јанкуловски - заменик на министерот за финансии, претставник од Министерството за финансии;
- Ацо Ристов - претседател на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија;
- Пасхос Димитриос - главен извршен директор на ОКТА АД-Скопје, претставник од двата енергетски субјекти со најголем удел на пазарот на нафтени деривати во големопродажба во Република Северна Македонија;
- Владимир Стајиќ - генерален директор на Друштвото за производство, промет и услуги Супертрејд ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, претставник од двата енергетски субјекти со најголем удел на пазарот на нафтени деривати во големопродажба во Република Северна Македонија;
- Марија Дуковска Павловска - генерален директор на Макстил АД-Скопје, претставник од двата најголеми потрошувачи на нафтени деривати во земјата од секторот индустрија и
- Зоран Доневски - директор на Дирекција за големопродажба на Макпетрол АД-Скопје, претставник од двата најголеми потрошувачи на нафтени деривати во земјата од секторот индустрија.

Претседател на Советодавната комисија е претставникот од Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката.

Во случај на спреченост или отсутност, претседателот на Советодавната комисија го заменува директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

Член 3

Советодавната комисија ги врши следните работи:

- иницира предлог за донесување на одлука за настанато вонредно пореметување во снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати и прогласување на нафтена кризна состојба;
- предлага мерки и одлуки за нормализација на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати во случај на вонредно пореметување на снабдувањето;
- предлага дополнителни мерки за нормализација на снабдувањето на пазарот;
- предлага укинување на сите одлуки и мерки за нормализација на снабдување на пазарот и
- други работи согласно Законот за задолжителни нафтени резерви (*) и Деловникот за работа на Комисијата.

Член 4

За својата работа и начинот на одлучување Советодавната комисија донесува Деловник за работа.

Член 5

Административно техничките работи за потребите на Советодавната комисија ги вршат стручните служби на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

Член 6

Советодавната комисија за својата работа доставува месечни извештаи до Владата на Република Северна Македонија.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3371/13
5 мај 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.